Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

**Архивски број:** 14-4937/2
Скопје, 10.12. 2021 година

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани

На ден 03.12.2021 година преку меил во Министерството за економија пристигна Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш број 14-4937/1 во кое се бараат следните информации од јавен карактер:

1. Дали е одлучено која компанија ќе ја добие концесијата за управување со Попова Шапка?
2. Кои се европските инвеститори за Попова Шапка?
3. Дали е постигнат договор?
4. Дали добивте одговор од Владата на Косово за поврзаноста на Попова Шапка со Брезовица?

По однос на Вашето доставено барање Ве известуваме за следното:

- Согласно информациите и планот на Владата на Република Северна Македонија во завршна фаза се процедурите за постигнување на конечен правен договор за ски-центарот „Попова Шапка" во износ од 50 плус 50 милиони евра.
- Проектот е во согласност со Законот за јавно-приватно партнерство за концесии или стратешки инвестиции, зависно од последната фаза на договорот.
- Целта на договорот е да се даде концесија на 99 години на еден од најголемите инвеститори во скијачки центри во Европа.
- Откако ќе се донесе конечна одлука за инвеститорот истата ке биде соопштена од страна на Владата откако ке се завршат сите процедури.
- Министерот за економија г-дин Крешник Бектеши, на состаноците со претставниците на институциите на Република Косово имаше размена на информации и позитивни знаци за заеднички проекти на двете туристички центри, останува истото да се формализира со договори од двете страни.

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје - Shkup

Изработил/Përpiloi:Бранкица Ѓорѓиев, Brankica Gjorgjiev
Одобрил/ Aprovoi:Александра Спасевсска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Miratoi: Razmena Cekic-Durovic, Размена Чекиќ-Дуровиќ